УПРК.бр.3/2023

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Ана Герасимовска - претседател на советот, м-р Дитурије Елези Незири и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски – судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги ТАРГЕТ ГРУП ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Сашка Павлевска адвокат од Скопје, против решение ПП бр:09-4/2 од 02.02.2023 година на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, за прекршок од областа за заштита на конкуренција, по одржаната на јавната расправа на 19.12.2023 година во присуство на полномошникот на тужителот, претставникот на тужениот орган и полномошниците на заитересираното лице, на на ден 25.12.2023 ја донесе и јавно објави следната:

I

ПРЕСУДА

Тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги ТАРГЕТ ГРУП ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението ПП бр:09-4/2 од 02.02.2023 година на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција, СЕ ПОНИШТУВА.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 15.01.2024
Орг. Един. / Nj. Org.: 09 | Број / Numri: 3/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

II

РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителот преку полномошникот за надомест на трошоците во постапката, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на полномошникот на тужителот да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 8.280,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Барањето на полномошниците на заинтересираното лице Централен регистар на РСМ за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Со оспореното решение ПП бр:09-4/2 од 02.02.2023 година Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција постапувајќи по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од сега тужителот против Централниот регистар на Република Северна Македонија заради утврдување на прекршок по член 11 став 2 точка 5 и 6 од Законот за заштита на конкуренцијата - злоупотреба на доминантна позиција на пазарот на податоци од годишни сметки на Централен Регистар на Република Северна Македонија, преку одбивање да му овозможи на тужителот пристап до услугата предвидена во точка 28-е од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2016 година, односно точка 37 од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2020 година (Податоци од сите обработени годишни сметки (во електронска форма)- за надомест од 4.000.000,00 денари), согласно член 58 став 7 од Законот за прекршоците, се огласува за ненадлежна, бидејќи утврдила дека се работи за прекршок од член 29 став 1 алинеа 4 од Законот за

425360

Централен Регистар (Сл.весник на РСМ бр.50/2001...бр. 311/2020), за кој согласно член 28-а став 1 и член 28-б став 2 од истиот закон прекшочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

Тужителот преку полномошник Сашка Павлевска адвокат од Скопје пред Управниот суд поднесе тужба за поведување на управен спор против решение ПП бр:09-4/2 од 02.02.2023 година на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување пред тужениот орган.

Управниот суд ја достави тужбата на одговор до тужениот орган кој ги достави списите на предметот и во одговор на тужба и наведе дека оспореното решение е донесено врз основа на член 58 став 7 од Законот за прекршоците, бидејќи констатирал дека станува збор за прекршок по член 29 став 1 алинеа 4 од Законот за Централен Регистар, за кој согласно член 28-а став 1 и член 28-б став 2 од истиот закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд, односно за прекршоците над 1.000,00 евра во денарска противвредност прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд, поради што предложи тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги Таргет Груп ДООЕЛ Скопје, да се одбие како неоснована и да се потврди решението на Комисијата за заштита на конкуренција ПП.бр.09-4/2 од 02.02.2023 година.

Управниот суд ја достави тужбата на одговор и до полномошникот на заинтересираното лице – Централен Регистар на Република Северна Македонија, кој исто така, достави свој одговор со предлог тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги Таргет Груп ДООЕЛ Скопје, да се одбие како неоснована и да се потврди решението на Комисијата за заштита на конкуренција ПП.бр.09-4/2 од 02.02.2023 година.

На одржаната јавна расправа на ден 19.12.2023 година, полномошникот на тужителот Сашка Павлевска адвокат од Скопје, истакна дека останува во целост кон наводите во тужба предложените докази, со предлог оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување. На судот му предложи да изврши увид во пресуда Упрк.бр.5/2022 на овој суд од 23.04.2023 година а кои списи веќе судот ги има прибавено. Во тужбата многу презицно е наведено дека тужениот орган го повредил законот кога по едно поднесено барање за поведување прекршочна постапка за сторен прекршок по Законот за заштита на конкуренција во делот барањето нажа дека е надлежена во другиот дел се огласува за ненадлежен. Наведе сека не само што е незаконска туку е и апсурдна ваквата одлука на тужениот орган, од причина што Барањето за поведување на прекршочна постапка е поднесено за сторен прекршок од член 59 став 1 точка 2 за сторена злоупотреба на доминантната позиција од член 11 од овој Закон. Со самото тоа што тужениот орган согласно одредбите наведедни во тужба е орган кој одлучува за прекршокот сторен со злоупотреба на доминантната позиција е повеќе од очигледно дека тужбата е во целост основана. Тоа што во одговорите на тужба полномошниците на заинтересираното лице се повикуваат на прекршоци на законот за Централен регистар е сосема ирелеванто за предметот на оваа тужба, се работи за сосема два различни прекршоци со сосема различни битија и со сосема различен надлежен орган. Повтори дека поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка за сторена злоупотреба на доминантната позиција. Законот за Централен регистар на кој се повикува тужениот орган во утужениот заклучок а и на кој се повикуваат полномошниците на заинтересираното лице воопошто не регулира прекршок за сторена злоупотреба на доминантна позиција. Значи се работи за сосема два различни типа на прекршоци

како што наведов со различни битија и надлежност на различен орган, во конкретниот случај поднесено е барање за прекршок по Законот за заштита на конкуренција за која исклучиво надлежен тужениот орган односно Комисијата. Ваквите наводи од полномошниците на заинтересираното лице се истакнуваат само со цел да се избегне законот за заштита на конкуренција. Казната предвидена со законот за Централен регистар е многу ниска и се однесува на сосема друг вид прекршок и на овој начин кажано со народен јазик Централниот регистар свесен дека сторил прекшок се обидува да се извлече со помала казна иако воопшто не станува збор за ист вид на прекршок. Во овој контекст е и прифатената надлежност од страна на тужениот орган во заклучокот бр.09-9/6 од 26.05.2022 година а по кое е донесена пресудата УПРК бр 5/2022 и во точка 2 од тој заклучок самиот тужен орган се огласис надлежен за точка 5 а со оспореното решение по предметната тужба се огласува за ненадлежен за истата точка 5 од член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата.

На јавната расправа претставникот на тужениот орган истакна дека останува кон наводите во Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-4 /9 од 08.06.2023 година, појасни дека ќе постапува по Барањето на поведување за прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од тужителот Таргет Груп ДООЕЛ Скопје. Оспореното решение е донесено на 02.02.2023 година, а пресудата е примена кај тужениот орган на 10.05.2023 година, и по истата тужениот орган веќе постапил со цитираниот Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-4/9 од 08.06.2023 година.

Полномошникот на заинтересирано лице, Татјана Поповски Булоски адвокат од Скопје на јавната расправа наведе дека со предметната тужба се бара поништување на решението на тужениот орган ПП 09-4/2 од 02.02.2023 година, со пресуда на која се повика тужителот, а и во наводите на тужениот се однесува на сосема друг управен акт а тоа е Заклучок на тука тужениот ПП бр.09-9/6 од 26.05.2022 година. Заклучокот за кој денес е ивестен Управниот суд се однсува на акт на тужениот орган кој што е донесен во 08.06.2023 година, и истиот нема правна врска во форма на правен акт и предмет на одлучувањее на она што е во оваа постапка. Видот на прекршоците за кој е надлежен тужениот е утврден во Законот за заштита на конкуренција, меѓутоа не значи дека на заинтересираното лице не се применуваат одредбите од Законот по кој истиот е востановен како институција од посебен вид, а во кој Закон се предвидени исто така прекршочна одговорност и казни, но и надлежност на суд да води прекршочна постапка. Наведе дека, видно од оспореното решение и Заклучокот кој што денес е доставен не се работи за исти правни основи по кои се воделе претходните и сегашната постапка, па Управниот суд има можност да се произнесе по однос на законитоста на предметното решение за прекршоците таму споменати и издржаното образложение на тука тужениот орган.

Полномошникот на заинтересирано лице Анита Бегова адовокат од од Скопје на јавната расправа појасни дека врз основа на член 31 од Законот за заштита на конкуренцијата, тужениот орган при водењето на прекшочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка освен ако со Законот за прекршоци и со овој Закон поинаку не е определено. Оспореното решение Комисијата го донела врз основа на член 58 став 7 од ЗП бидејќи утврдила дека се работи за член 29 став 1 алинеја 4 од Законот за ЦР за кој согласно член 28 а став 1 и член 28 б став 2 од истиот закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд. Од тие причини сметаме дека тужениот орган правилно постапил донесувајќи го оспореното решение поради што предлагаме тужбата да се одбие како неоснована. За судот доставувам статутарна одлука на ЦР на РМ бр.0201-3/39 од 10.11.2020 година.

Во доказна постапка на јавната расправа, судот со читање се врши увид во: тужба, оспорено решение број 09-4/2 од 02.02.2023 година, одговор на тужба од 03.05.2023 година,одговор на тужба од заинтресирано лице од 30.08.2023 година и од 25.08.2023 година, Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-4/9 од 08.06.2023 година, Барање од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје бр.24-11/14 од 10.03.2014 година; .Договор за соработка од 28.03.2014 година, заверен во ЦРМ под бр.03-1147/1 од 01.04.2014 година, а во Таргет Груп ДООЕЛ Скопје под бр.39-01/14 од 28.03.2014 година; Согласност од ЦРМ бр.08-1004/2 од 09.04.2014 година;.Договор за користење податоци преку веб сервиси заверен во ЦРМ под бр.03-845/1 од 24.03.2015 година, а во Таргет Груп ДООЕЛ Скопје под бр.03-96/1 од 20.03.2015 година;.Анекс договор за користење податоци преку веб сервиси од 14.08.2015 година заверен во ЦРМ под бр.03-1617/1 од 27.08.2015 година, а во Таргет Груп ДООЕЛ Скопје под бр.03-96/2 од 14.08.2015 година со Прилог 1 и Протокол од 14.08.2015 година; Барање за финансиски податоци од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје до ЦРМ примено во ЦРМ на 12.07.2016 година под бр.08-114/1; .Барање за продолжување на договор за користење на податоци преку веб сервиси од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје до ЦРМ примено во ЦРМ на 11.08.2016 година;Допис од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје до ЦРМ примен во ЦРМ на 22.08.2016 година под бр.08-1114/2 ;.Одговор на барање од ЦРМ бр.08-1114/2 од 09.09.2016 година; 1Одговор на барање од ЦРМ бр.03-1232/22 од 09.09.2016 година;Одговор на допис од ЦРМ бр.08-2332/2 од 09.06.2016 година;1Барање за откуп на податоци од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје примено во ЦРМ на 09.03.2018 година; Барање за издавање информации од Регистар на годишни сметки од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје примено во ЦРМ на 24.04.2018 година;Одговор од ЦРМ, преку полномошник, адвокат Анита Бегова од Скопје, примено во Таргет Груп ДООЕЛ Скопје на 25.04.2018 година;Барање од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје примено во ЦРМ на 05.04.2019година; 16. Одговор на барање од ЦРРСМ бр.08-1064/2 од 29.05.2019година; е-маил комуникација од 30.06.2020година; Одговор на барање од ЦРРСМ бр.03-751/2 од 03.07.2020година со прилог Предлог на Договор за користење на податоци и информации и и е-маил комуникација; Барање од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје за откуп на податоци од сите обработени годишни сметки (во електронска форма) примено во ЦРРСМ на 13.04.2021година; е-маил комуникација пд 13.04.2021 година од 20.04.2021 година и од 26.04.2021 година; Предлог договор за користење податоци и информации испратен од ЦРРСМ до Таргет Груп ДООЕЛ Скопје по пошта без пропратно писмо; Тарифата на Централен регистар на РСМ бр.0201-3/24 од 22.06.2020година; Тарифата на Централен регистар на РСМ бр.0201-3/10 од 17.05.2016година; Барање од 19.07.2021година;Барање информација од 15.10.2021 година; Дополнување на барање.27. Дополнување на барање од 06.04.2022година; Барање од Таргет Груп ДООЕЛ Скопје до ЦРРСМ од 31.03.2022 година;Уплатница од 31.03.2022 година на износ 4.000.000,00 денари; Извод од сметка од 31.03.2002 година; 4 е-потврди за користење на услугата за поединечни податоци од т.29 од Тарифата на ЦРРСМ – Листинг од обработена годишна сметка( биланс на состојба и успех за 2021година) по цена од 699 денари + банкарски трошоци; Барање за изрекување привремени мерки со прилог, Известување од министерство за култура од 15.10.2021 година, Заклучок за доставување на податоци од 26.08.2021 година, списи доставени од туежениот орган, одговор на тужба од тужен орган од 27.06.2022 година, одговор на тужба од ЗЛ од 06.07.2022 година, одговор од министерство за финансии број 13-1521/2 од 15.03.2023 година по однос на барање на судот од 13.02.2023 година, Известување од министерство за финансии број 13-5135/2 од 24.07.2020 година до централен регистар, одговор на известување од централен регистар до Министерство за финансии под број 03-803/2 од 10.08.2020 година и Пресуда на Управниот суд УПРК 5/2022 од 24.03.2023 година година.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека останува кон тужбата и тужбените наводи, а основаноста на тужбата се докажува осноебно со

Заклучокот на тужениот орган од 08.06.2023 година со кој тој се огласува за надлежен да постапува по член 59 од ЗЗК поради што барам тужбата да се уважи а оспореното решение да се поништи. Трошоци побара. Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека останува како по наводите дадени во Заклучокот за поведување на прекршочна постапка од 08.06.2023 година. Во завршни зборови полномошникот на заинтересираното лице изјави останува во целост на сите писмени и усмени наводи дадени во текот на постапката, и укажуваме дека со заклучокот на тужениот орган од 08.06.2023 година, се отвара нова постапка по други основи и со истиот Заклучок тука тужениот орган не се огласува за надлежен туку во текот на постапката тука заинтересираното лице доколу истата продолжи ќе има право да истакнува различни приговори меѓу кои и приговор на стварната надлежност. Предјавуваме трошоци по АТ за две рочишта по 9.100,00 денари како и за секој одговор на тужба по 9.100,00 денари плус ДДВ.

Управниот суд, по одржаната јавна расправа, врз основа на доказите приложени во списте на предметот, притоа имајќи ги во предвид наводите на полномошникот на тужителот, претсавникот на тужениот орган и на полномошниците на заинтересираното лице, најде дека:

Тужбата на тужителот е основана.

Од списите во предметот произлегува дека до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 19.07.2021 година од страна на сега тужителот било доставено Барање за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 против Централен Регистар на РСМ, во кое навел дека од 2016 година Централниот Регистар на РСМ неоправдано одбивал да му овозможи пристап на тужителот до услугата предвидена во точка 28-е од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2016 година, односно точка 37 од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2020 година (податоци од сите обработени годишни сметки (во електронска форма) – за надомест од 4.000.000,00 денари) со што според тужителот Централниот Регистар ја злоупотребувал својата доминантна позиција од член 11 став 2 точка 5 и 6 од Законот за заштита на конкуренцијата. Постапувајќи по Барањето за поведување на прекршочна постапка Комисијата за одлучување по прекршок утврдила дека Основниот кривичен суд – Скопје е надлежен да постапува по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр. 09-31/1 од 19.07.2021 година на тужителот Таргет Груп ДООЕЛ Скопје против ЦР на РСМ, во делот за одбивање да му овозможи на тужителот пристап до услугата предвидена во точка 28-е од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2016 година, односно точка 37 од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2020 година (Податоци од сите обработени годишни сметки (во електронска форма) – за надомест од 4.000.000,00 денри, заради што постапувајќи согласно член 58 став 7 од Законот за прекршоците го донела сега оспореното решение со кое се огласила за ненадлежна и барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 од 19.07.2021 година со сите списи го доставила до Основниот Кривичен суд Скопје.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот, поради следното:

Согласно член 3 став 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/2010...бр.83/18), овој закон се применува на: претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за кои што тие субјекти се основани.

Согласно член 28 став 1 и 2 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја контролира примената на одредбите на овој закон, Законот за државната помош и прописите донесени врз основа на овие закони, ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно одредбите од овој закон и Законот за државната помош. Согласно став 2 од овој член, за прекршоците определени со овој закон, надлежен прекршочен орган е Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 30 став 1 од истиот закон, за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 31 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок при водењето на прекршочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за општа управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 38 од Законот, учесници во прекршочна постапка се лицето против кого е поведена прекршочна постапка и подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка од член 34 од овој закон.

Судот најде дека тужениот орган при донесување на оспореното решение ПП бр:09-4/2 од 02.02.2023 година, неправилно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право кога Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од сега тужителот против Централниот регистар на Република Северна Македонија заради утврдување на прекршок по член 11 став 2 точка 5 и 6 од Законот за заштита на конкуренцијата - злоупотреба на доминантна позиција на пазарот на податоци од годишни сметки на Централен Регистар на РЦМ, преку одбивање да му овозможи на тужителот пристап до услугата предвидена во точка 28-е од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2016 година, односно точка 37 од Тарифникот на ЦР на РСМ од 2020 година , согласно член 58 став 7 од Законот за прекршоците, се огласил за ненадлежен и утврдил дека се работи за прекршок од член 29 став 1 алинеа 4 од Законот за Централен Регистар (Сл.весник на РСМ бр.50/2001...бр.311/2020), за кој согласно член 28-а став 1 и член 28-б став 2 од истиот закон прекшочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

Ова од причина што, од увидот во списте по предметот, Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.5/2022 од 24.03.2023 годинина, Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-4 /9 од 08.06.2023 година како и наводите на странките дадени на јавната расправа, утврди дека тужениот орган постапувајќи по Барање за поведување на прекршочна постапка заведено под ПП бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од сега тужителот против Централен регистар на РСМ заради утврдување на сторен прекршок од член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата – злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 став 2 точка 1, 2, 4 и 5 од истиот закон, утврдил дека не постојат законски услови за поведување на прекршочна постапка за утврдување на прекршок по член 59 став 1 точка 2 во врска со член 11 став 2 точка 1, 2 и 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и при тоа се повикал на член 14 од Законот за Централен регистар, каде е утврдено дека податоците од Централниот регистар можат да ги користат органите на државната управа сите физички и правни лица, домашни и странски, освен ако за некои од нив поинаку не е определено со закон или со договор.

Врз основа на наведеното тужениот орган донел Заклучок ПП бр.09-9/6 од 26.05.2022 година со кој го отфрлил Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од сега тужителот против Централниот регистар на Република Северна Македонија заради утврдување на прекршок по член 59 став 1 точка 2 во врска со член 11 став 2 точка 1, 2 и 4 и по член 59 став 1 точка 2 во врска со член 11 став 2 точка 5 од Законот за заштита на конкуренцијата - злоупотреба на доминантна позиција на пазарот.

Против вака донесениот заклучок ПП бр.09-9/6 од 26.05.2022 година, тужителот повел управен спор пред Управниот суд кој постапувајќи по тужбата на тужителот по одржана јавна расправа донел Пресуда УПРК.бр.5/2022 од 24.03.2023 година со која согласно утврдената фактичка и правна состојба, а врз основа на наводите во тужбата, одговорот на тужба од тужениот орган и заинтересираното лице, како и наводите изнесени на јавната расправа, нашол дека тужениот орган сторил суштествени повреди на правилата на постапката, нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право, од причина што иако истиот се впуштил во утврдување на фактичката состојба, видно од донесениот Заклучокот ПП бр.09-31/4 од 26.08.2021 година, но судот ценел дека наместо да одлучи согласно 45 од Законот за заштита на конкуренцијата, тужениот орган донел Заклучок со кој го отфрлил барањето поради непостоење на законски услови за поведување на прекршочна постапка со образложение дека дејствието опишано во барањето не е прекршок.

Тужениот орган, во исполнување на Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.5/2022 од 24.03.2023 година, донел Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-4 /9 од 08.06.2023 година, по кој претставникот на тужениот орган на јавната расправа истакна дека сега оспореното решение е донесено на 02.02.2023 година, а пресудата на Управниот суд е примена кај тужениот орган на 10.05.2023 година и по истата тужениот орган веќе постапил со Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-4/9 од 08.06.2023 година.

На вака утврдена фактичка состојба, а имајќи предвид дека по однос на истото Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 19.07.2021 година, поднесено од страна на истиот тужителот за утврдување и на прекршокот по член 11 став 2 точка 5 и 6 од Законот за заштита на конкуренцијата - злоупотреба на доминантна позиција на пазарот, тужениот орган донел две правно различни одлуки и тоа Заклучок ПП бр.09-9/6 од 26.05.2022 година во кој се впуштил во утврдување на фактичката состојба во врска со сторениот прекршок и го отфрлил Барањето поради непостоење на законски услови за поведување на прекршочна постапка, со образложение дека дејствието опишано во Барањето не е прекршок, кој Заклучок веќе е поништен со судска пресуда и предметот вратен на повторно постапување, а тужениот орган донел Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-4 /9 од 08.06.2023 година во исполнување на Пресудата на Управниот суд УПРК.бр.5/2022 од 24.03.2023 годинина, сега оспореното решение ППбр:09-4/2 од 02.02.2023 година, за судот е неприфатливо што тужениот орган постапувајќи по истотот Барање и за истиот прекршок од Законот за заштита на конкуренцијата утврдил дека се работи за прекршок од член 29 став 1 алинеа 4 од Законот за Централен Регистар, за кој не е надлежен да постапува согласно член 58 став 7 од Законот за прекршоците.

Согласно погоре наведеното, судот најде дека оспореното решение не може да опстои во правниот промет и треба да се поништи, а предметот да се врати на повторно одлучување на тужениот орган. При повторно постапување по Барање за

поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-31/1 од 19.07.2021 година поднесено од тужителот против Централниот регистар на Република Северна Македонија, да ја има во предвид повторената постапка по пресудата на Управниот суд УПРК.бр.5/2022 од 24.03.2023 година и Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ППбр.09-4 /9 од 08.06.2023 година, по однос на видот на прекршоците и надлежноста согласно Законот за заштита на конкуренција, Законот за Централен регистар и Законот за прекршоци по однос на видот на прекршокот, во насока на утврдување на постоење на законски услови за поведување на прекршочна постапка за утврдување на прекршок по член 11 став 2 точка 5 и 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, врз основа на што ќе донесе правилна и на закон заснована одлука.

По однос на барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката, согласно член 86 став 1 од Законот за управните спорови, а во врска со член 8 став 10 од Адвокатската тарифа, Судот одлучи да го задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ до 8.280,00 денари и тоа: за состав на тужба во износ од 7.000,00 денари и такса за тужба и одлука во износ од 1.280,00 денари.

Барањето на полномошниците на заинтересираното лице Централен регистар на РСМ за надомест на трошоците во постапката го одби како неосновано, согласно чл.86 став 2 и 3 од Законот за управните спорови.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е основана и одлучи согласно чл.59 став 1 од Законот за управните спорови.

Одлучено во Управниот суд на ден 25.12.2023 година под УПРК.бр.3/2023.

Записничар – судски советник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет-Судија
Ана Герасимовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда не е дозволена жалба согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови, а против решението за трошоците на постапката, дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Виш Управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Решението да се достави на:
- тужител преку полномошник
- тужен орган
- до заинтересираното лице – Централен Регистар на РСМ преку полномошници

Претседател на совет-Судија
Ана Герасимовска

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник